# ОПШТЕСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ

Комисија за хартии од вредност
на
Република Северна Македонија

**АПРИЛ 2019**

**КОМИСИЈА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ**
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
**KOMISIONI I LETRAVE ME VLERË**
I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
**SECURITIES AND EXCHANGE COMMISSION**
OF THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA

Сертификат за општествена одговорност

Certifikatë për përgjegjësi shoqërore

IASS- RES.C: 2020-2022

WWW.SEC.GOV.MK

# КХВ ВЛОЖУВА ВО ВРАБОТЕНИТЕ СО ЦЕЛ ДА СЕ ПОСТИГНЕ ПОГОЛЕМ ДЕЛОВЕН УСПЕХ




Со цел да се зацврсти тимскиот дух помеѓу вработените во Комисијата за хартии од вредност, нивното меѓусебно познавање и почитување, поголема поддршка и одење во иста насока, создавање на позитивна и мотивирачка атмосфера во тимот како и креирање на нова синергија помеѓу вработените, КХВ на 6-ти април организираше еднодневен тим билдинг настан на кој учествуваа сите вработени во Комисијата.

Како би можеле да постигнеме  деловен успех, покрај техничките компетенции кои се неопходни, суштински важно е да бидеме вешти во комуникацискиот процес и вешто да го водиме истиот.  Успехот во деловниот свет во голема мера зависи и од начинот на кој што комуницираме со нашите колеги, клиенти, претпоставените, а не помалку важно е и како комуницираме со самите себе. Согласно тоа, темата на тим билдинг настанот беше „Влијателна комуникација“ и истата имаше за цел унапредување на комуникацијата, како и да даде јасна слика за структурата на успешната комуникација.